UDK 902

ISSN 0350-0179 (print)
ISSN 2545-4358 (online)

# BALCANOSLAVICA
# 47

2018

**vol. 47**
**Issue 2**

BALCANOSLAVICA VOLUME 47, ISSUE 2, pag. 1-385, PRILEP, 2018

# ПРИЛОГ ЗА ЕКОНОМИЈАТА НА ДОЦНОСРЕДНОВЕКОВЕН ПРИЛЕП ПРЕКУ СОЗНАНИЈАТА ОД ДОКУМЕНТАРНО-ДИПЛОМАТСКАТА ГРАЃА И АРХЕОЛОШКИТЕ НАОДИ

**Орданче ПЕТРОВ**
Институт за старословенска култура – Прилеп
ordance.petrov@isk.edu.mk

изворен научен труд
прифатен: 27.11.2019
УДК 94:33(497.775)
94:[631:67(497.775)

**Апстракт:** *Во трудот е обработена економската историја на доцносредновековен Прилеп прикажана генерално преку дипломатската граѓа, како и преку резултатите од археолошките ископувања спроведени во изминатиот век. Во Прилеп, како и во останатите делови на Македонија, може да се забележи дека преовладува аграрната дејност којашто се одликува со поликултурно производство. Најчесто се среќаваат ниви, најверојатно засеани со житарици, но и помали парцели посадени со винова лоза, разни видови на овошки, а и градини со градинарски култури. Во рамките на поликултурното аграрно производство спаѓа и сточарството за коешто наоѓаме информации, преку изворната документарно-дипломатска граѓа, за бројните ливади, сенокоси, планини и зимовишта каде се чувал ситен и крупен добиток. Занаетчиството има секундарно значење во економијата на Прилеп и, главно, ги задоволува потребите на населението од алатки, како и од најосновни предмети од домаќинството. Археолошките истражувања откриваат простор во подградието Варош, којшто бил резервиран за занаетчиски работилници и можеби претставувал занаетчиски кварт. На овој простор било организирано и панаѓуриштето и пазарот ,подарени на манастирот Трескавец во негово владение.*

**Клучни зборови:** *економија, аграр, занаетчиство, Прилеп, среден век, манастир Трескавец.*

Искуствата стекнати во претходните векови, а кои се однесуваат на економијата и занаетчиството бележат континуитет и низ доцносредновековието, но истовремено се забележани и одредени новитети и различности предизвикани, главно, од новите општествено-политички односи на Балканот. Во овој период е забележана рурализација на градовите како одраз на воените случувања, од крајот на 12 век и низ целиот 13 и 14 век. Честите војувања, упади и несигурноста на периодот придонесуваат за намалување на трговската активност и на сè поголема децентрализација при што самите градови на прво место ги задоволуваат своите потреби од земјоделски и занаетчиски производи, а дури потоа се тргува со вишокот. Ова овозможило развој на занаетчиството во помалите градски центри и негова дисперзија во внатрешноста, а не само развој на приморските производни центри како што било претходно. По обновата на Византија, во времето на Палеолозите, видливи се значителни напори за возобновување на традиционалните форми на политичка контрола и насочување на економијата и производството. Сепак, овие напори не вродиле со плод, а доцновизантиската држава не успева да стави целосна контрола ниту на домаш-

ните ниту на надворешните економски сили[1].

По Душановите освојувања на дел од Македонија, во новоосвоените територии е забележана свежина во економијата, особено одразена преку аграрот. Производството, во голема мера, е организирано на имотите на новиот слој на властелини – големоземјопоседници, како и на манастирските имоти кои забрзано растеле на сметка на световните земјопоседници, потпомогнати со стекнатите административни и фискални имунитети.

За економијата на средновековниот град Прилеп, во периодот од 12 до 14 век, располагаме со ограничени информации, добиени од историско-правните документи или дипломатската граѓа и археолошките ископувања. Како и во останатите делови на Византија и бившите византиски територии така и во средновековниот Прилеп, основни економски гранки се аграрот кој е примарен и занаетчиството кое е секундарно.

**Аграрна економија**

Аграрната економија на средновековен Прилеп може во најголема мера да се реконструира преку тритеТрескавечки грамоти од средина на 14 век[2]. Овие грамоти ни даваат драгоцени информации за дадената проблематика на теренот на средновековен Прилеп, но и Полог, Преспа и Порече. Со ваквите даровници се потврдуваат поседите на манастирот Трескавец коишто ги имал пред Душановите освојувања на Пелагонија, во 1334[3], но му се потврдуваат и правата на новостекнатите имоти влезени во сопственост на манастирот по пат на купопродажба и донација од страна на владетелот, властелините или, пак, селаните. Посебно е интересен фискалниот имунитет којшто манастирот го добива со втората, а особено со третата грамота[4], а на сметка на државата. Овие податоци, подоцна надополнети со Турските пописни книги, средина на 15 век, може да дадат прилично јасна слика за историјата на аграрното производство во Пелагонија и околните области, посебно во периодот на 14 и првата половина од 15 век[5]. Информациите од археолошките ископувања само ја дополнуваат сликата, но не носат многу нови податоци за неа..

По падот на Самоиловото Царство и обновата на византиската управа, во Македонија е забележан постепен пораст на бројот на населението и селските населби во текот на 11 и 12 век[6]. Ваквиот пораст на населението е од огромна важност за производството во прединдустриските економии особено оние базирани на аграрот[7]. Овој пораст неминовно ќе придонесе за повторно „анимирање" на старите напуштени и разрушени рановизантиски утврдувања и оформување

1 Matschke Klaus-Peter, „Commerce, Trade, Markets, and Money“, in *The Economic History of Byzantium,* ed. Angeliki E. Laiou (Washington D.C. : Dumbarton Oaks Research Library and Collection, 2002), 805.

2 Трите грамоти се оригинални, а сочувана е уште една, Четвртата грамота, која е копија. Нажалост, овие грамоти, откриени во манастирот Трескавец, а кои, кон почетокот на 20- ти век, биле однесени во Народната библиотека во Белград, настрадале во пожарот што ја зафатил оваа библиотека на 6.04.1941 година, па единствено ни се сочувани преписите на С. Новаковиќ на првата и Ѓ. Даничиќ на втората и третата грамота. Повеќе за грамотите види кај: Лидија Славева и Владимир Мошин, „Грамотите на Стефан Душан за Манастирот Трескавец“, во *Споменици за средновековната и поновата историја на Македонија* том IV (Скопје : Институт за истражување на старословенската култура – Прилеп, 1981), 55-67.

3 Михаило Динић, „За хронологију Душанових освајања византиских градова“, *Зборник радова Византолошког института* књ. 4 (1956): 8.; Коста Аџиевски, *Пелагонија во средниот век (од доаѓањето на Словените до паѓањето под турска власт)* (Скопје : Институт за национална историја, 1994), 178-179.

4 Споменици IV, гр. II, чл. 92, гр. III, чл. 95, 96, 97, 98.

5 *Турски документи за историјата на македонскиот народ : Опширен пописен дефтер №4* (1467-1468 година). ред. Методија Соколовски и Александар Стојановски (Скопје : Архив на Македонија, 1971).

6 За овој период најмногу информации постојат во архивите на светогорските манастири.

7 Angeliki E. Laiou, „The Agrarian Economy, Thirteenth-Fifteenth Centuries “, in *The Economic History of Byzantium* ed. Angeliki E. Laiou (Washington D.C. : Dumbarton Oaks Research Library and Collection, 2002), 312.

на локални и регионални урбани и производни центри. Порастот на населението продолжува, но не така интензивно и во текот на 13 век иако, на места, во изворите се забележани ситуации на депопулација во периодот по освојувањето на Цариград од страна на крстоносците од Четвртиот крстоносен поход, па сè до обновата на Византија и византиската власт во Македонија, кога повторно е забележан забрзан напредок и зголемување на популацијата[8] којашто ќе продолжи до почеток на 14 век. По ова, повторно следи депопулација и интензивно осиромашување на домаќинствата што ќе предизвика отуѓување на земјиштето, по доста поволни цени, од страна на селаните во корист на големите земјопоседници. Во овој случај, многу профитирале и манастирите коишто ги купувале имотите на селаните, но и доста често добивајќи ги нив како подарок заради тешката состојба а во која се наоѓале селаните и даноците коишто требало да ги плаќаат за земјиштето[9]. Резултатите од ваквата појава придонесуваат, голем дел од земјиштето повторно да остане необработено, а вегетацијата во ридестите региони да биде обновена. Дел од селата се напуштени и подоцна забележани како пусти селишта. Причините за ваквото опаѓање на аграрното производство кон почетокот на 14 век, се бројни. Периодот е одбележан со грабежите на Каталонската компанија, турските инвазии на Тракија (во 1320, 1321 и 1324 година) и првата цивилна војна помеѓу Андроник II и Андроник III кои предизвикале локални демографски промени на Балканот. За северните територии на Македонија, најпогубни биле честите српски инвазии во Македонија (во осумдесеттите и деведесеттите години на 13 век).

Сепак, и по овие бурни периоди, одреден пораст на бројот на населението и зголемување на бројот на населбите е документиран и кон средина на 14 век. Порастот во ридестите региони е придружен и со зголемување на обработливите земјоделски површини преку интензивното чистење на земјиштето од вегетацијата и негово оспособување за земјоделска употреба. Ваквата тенденција, која била особено изразена во 11 и 12 век[10], може да се следи и во одредени региони каде што развојот на селата продолжува и во втората половина на 14 век[11]. За тоа сведочи и Кончанскиот практик на манастирот Св. Стефан, кај с. Конче, Радовишко[12], подарок на Хиландар, каде конкретно се наведуваат требежи[13] во селата Конче и Лубница[14], исчистени во периодот кон средина на 14 век. Анализирајќи ги податоците за населбите во Пелагонија и околните области дарувани во трите Трескавечки грамоти, може да се донесат одре-

8 Laiou, „The Agrarian Economy," 314-315.

9 Angeliki Laio-Thomadakis, *Peasant Society in the Late Byzantine Empire : A Social and Demographic Study* (Princeton - New Jersey : Princeton University Press, 1977), 182-185, 208.

10 Во овој период зголемената активност за расчистување на слободно и необработено земјиште, главно, е вршена од страна на световната и црковната власт која на овој начин си се обезбедувала со нови имоти.

11 Најдетални информации за развојот на селата имаме за селото Радољуб, кај кое во периодот од втората половина на 12 век до средина на 14в., е забележано скоро двојно зголемување на населението. Jacques Lefort, „The Rural Economy, Seventh–Twelfth Centuries", In *The Economic History of Byzantium* ed. Angeliki E. Laiou (Washington D.C. : Dumbarton Oaks Research Library and Collection, 2002), 15.

12 Кончанскиот практик датира од средина на XIV век. Самиот попис во практикот нема датум, но од составувачите на каталог во Хиландарскиот архив, вметната е годината 1366 и се поврзува со хрисовулата на царот Урош, од 9 мај 1366 година, доделена на Хиландар во која манастирот Св. Стефан во Конче се споменува како задужбина на големиот војвода Никола. Александар Соловјев, „Кончански практик", *Зборник радова византолошког института* 3 (1955): 83-109.

13 Требеж е површина исчистена од нискостеблеста или високостеблеста шума, припремана за користење како обработливо земјиште. По расчистувањето на шумата, за површината да стане требеж следело, исто така и чистење од корење, камен и друга вегетација. Често по чистењето на нивата од корењето и другата вегетација, таа била спалувана, а така се зголемувала плодноста на нивата. Во грамотите на манастирот Трескавец не се забележани требежи. Соловјев, „Кончански практик", 99-103.

14 Е. П. Наумов, „Селаните и феудалците според Кончанскиот практик 1366-1367 (Од социјалната историја на Централна Македонија)", *Историја* год III, бр. 1 (1967):59.

| | село | I повелба | II повелба | III повелба |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Журче | селиште | / | село |
| 2 | Питич | пусто селиште | селиште | селиште |
| 3 | Калуѓерица | пусто селиште | селиште | селиште |
| 4 | Волче | селиште | село | село |
| 5 | Оморани | пусто селиште | село со заселок | село |
| 6 | Теово | пусто селиште | село | / |
| 7 | Могилјани | пусто селиште | селиште | селиште |
| 8 | (С)Лепче | пусто селиште | / | селиште |
| 9 | Дреновци | пусто селиште | / | селиште |
| 10 | Маргарит | диво селиште | селиште | село |
| 11 | Кучковјане | селиште | селиште | село |
| 12 | Бучин | селиште | село | / |
| 13 | Небрегово | селиште | селиште | село |

**Табела 1.** Обнова и развој на дел од запуштените селишта и селишта, имоти на манастирот Трескавец
**Table 1.** Reestablishment and growth of part of the abandoned vilages and settlements, properties of the monastery Treskavec.

дени заклучоци за населбите и демографијата на населението во текот на 14 век. Преку грамотите евидентно е дека по Душановите освојувања на Пелагонија може да се забележи забрзан развој на дел од населбите[15], но и обновувања на населби коишто претходно биле запуштени[16]. Имаме примери кога селишта прераснуваат во села, но и одамна запуштени или пусти селишта се обновени и стануваат селишта, а понекогаш прераснуваат дури и во села во доста краток временски период од неполни десет години. Вакви примери може да се видат кај селата Журче, Волче, Бучин, Кучковјане и Небрегово кои од селишта прераснуваат во села, додека Свети Димитрие од метох прераснува во село, Дубница, Могилани и Дреновци, од пусти селишта стануваат селишта, додека од пусти селишта прераснуваат во села Оморани, Теово и Дреновци; Маргарит од диво селиште станува село. Ова е јасен показател дека во ова време, постепено, повторно се зголемува бројот на населението, притоа повторно населувајќи ги старите и одамна запуштени селишта (Табела I)[17].

*Земјоделско производство*

Главна карактеристика на аграрното производство, во овој период, е поликултурата и полиактивноста со својство на самоодржлива економија или самоодржливи единици на производство коишто во голема мера ќе ги задоволат потребите на едно домаќинство, а добиениот вишок на производи ќе го понудат на пазарот за размена или продажба[18]. Општиот феномен на поликултура подразбира во секој од регионите да се произведуваат житарици и масло и да се одгледуваат животни како што се волови, коњи, магариња, мулиња или овци, кози, свињи и живина. Во сите региони биле одгледувани градинарски култури и овошки, а во повеќето региони е одгледувана винова лоза и е произведувано вино. Се чини дека пчеларството, исто така било генерал-

15 Аџиевски, *Пелагонија во средниот век*, 188-205.

16 Вакви запуштени селишта среќаваме и во другите региони во Македонија (paliochorion). Laiou, „The Agrarian Economy," 316.

17 Раде Михаљчић, „Селишта: Прилог историји насеља у средњовековној српској држави", *Зборник филозофског факултета : Београдски универзитет* (1967): 173-224.

18 Laiou, „The Agrarian Economy,"319.

на активност, како и рибарењето во регионите блиску до вода. Производството на индустриски култури како памук, свила, волна и лен е со различен интензитет во различни региони.

Според поделбата на имотите, најголем дел од земјиштето претставуваат ниви, само во еден случај парцелата едноставно е означена како земја, оваа парцела е најголемата што се споменува во грамотите на манастирот Трескавец и изнесува 250 кабли. Ниту на едно место не е наведена културата којашто на овие површини е одгледувана. Покрај фактот дека овие имоти се забележани едноставно како ниви, можеме да претпоставиме дека тие, во најголем дел, служеле за одгледување на житни култури и можеби лен, иако се можни и отстапки. Ваквата претпоставка може да се оправда со фактот дека нивите во грамотите се споменуваат во комбинација со други земјоделски култури, па така во рамките на ист имот среќаваме комбинација на нива со лозови насади, градини и овоштарници. Друг податок што укажува на тоа дека се работи за ниви коишто служеле за одгледување на житни култури е и нивната површина за којашто делумно имаме информации. Имотите означени како ниви се со големина од 1 до 204 кабли[19], а најчесто се застапени нивите со големина од 30 кабли, и тоа во 14% од примерите и нивите со големина од 100 кабли, во 19 % од примерите. Интересно е што при назначување на површината на нивите и земјиштата се користат две различни мерки и тоа кабел и ѕевгар[20]. Првата мера е застапена во сите случаи, освен во еден случај каде големината на земјиштето е изразена во ѕевгари. Според површината на нивите, вака големи имоти би биле најпогодни за одгледување на житарици што, впрочем, се гледа преку тоа што останатите земјоделски култури се засебно означени во повелбите.

За големата застапеност на житните култури говори големиот број на воденици и млинови, потврдени во грамотите, а се вкупно 34 на број. Една од грамотите сведочи дека во периодот помеѓу издавањето на втората и третата грамота една од водениците, најверојатно, била запуштена, па е означена само како воденичиште[21], место на кое претходно постоела воденица. Посебно е интересно што водениците можеле да бидат во сопственост на две или повеќе лица. Ова може да се види од примерот на воденицата во Обиждане,

19 Кабел е шуплива единица мерка, односно мерка за волумен. Најчесто служел за мерење на жито, варива, брашно, сол, руда, метали, но и за некои течности. Немаме сигурни податоци за големината што ја имал еден кабел, но општо е востановено дека еден кабел тежи помеѓу 13 и 17 кг, особено кога станува збор за мерка за жито. Често кабелот како единица мерка се изедначува со византискиот модиј. Освен како мерка за волумен, кабелот се употребува и како единица мерка за површина. Не е позната точната површина која ја зафаќа еден кабел и како тој точно се пресметува. Но, според бројните анализи тој се поврзува со површината на земја што може да се посее со еден кабел жито. М. Влајинац со претпоставката дека со 160 до 180 кг семе може да се посее 1 хектар земја, со 1 кабел семе може да се посее од 8 до 11 ари земја. За единицата мерка кабел подетално види кај Милан Влајинац, *Речник наших старих мера : у току векова* свеска I (Београд : САНУ, 1961),; истиот, *Речник наших старих мера : у току векова* свеска III (Београд : САНУ, 1968), 329-336.; Според Јиричек, еден кабел може да се спореди со еден византиски и српски мат (modius). Еден мат имал површина од околу 200 грчки квадратни лакти, а тоа како мера за тежина било исто што и 40 фунти жито. Оваа количина на жито била доволна да се засеат пет квадратни лакти. Константин Јиричек, *Историја Срба : друга књига (културна историја)* (Београд : Змај, 1990), 158, 196. Составувачите на *Лексикон српског средњег века* како мерки за површина ги изедначуваат еден мат и еден кабел со византискиот царски модиј кој е со површина од 939, 18 $m^2$, *Лексикон српског средњег века*, (приредиле) Сима Ћирковић и Раде Михалчић (Београд : Knowledge, 1999), 234-235.

20 Пар волови коишто повремено станале начин за одредување на површина на земјиштето, еден зевгар земјиште претставува површината која што може во една година да се обработи со пар на волови. Сепак, ова е доста не воеднaчен начин на мерење на земјиштето којшто зависи од повеќе фактори, а пред се од квалитетот на земјиштето. Според составувачите на *Лексикон српског средњег века* еден зевгар земја може да варира од 83 до 213 царски модии, но сепак, се чини дека во практика бил еден теориски зевгар што имал вредност од 144 модии, односно 135 242 $m^3$ = 13.5 ха површина. *Лексикон српског средњег века*, 234.

21 Споменици IV, гр. I, чл. 24, гр. II, чл. 48.

каде што половина од воденицата во втората грамота е во сопственост на манастирот Трескавец, додека другата половина има друг сопственик[22].

При археолошките ископувања на средновековен Прилеп, на неколку локации, во вкупно седум средновековни јами се откриени остатоци на жита. Палеоботаничките истражувања утврдиле дека се работи за пченица, јачмен и 'рж. Откриените остатоци ни укажуваат дека пченицата е најзастапена и се среќава во сите откриени целини, јачменот се среќава во три јами, исто како и 'ржта која е најмалку застапена[23].

Од останатите земјоделски култури во најголема мера е застапена виновата лоза. Таа се среќава скоро на секој од имотите што претставуваат метоси, стасови или пак цели села. Само во три случаи лозовите насади се издвоени како посебни имоти, и тоа Беривоевото[24], Синахеритовото[25] и Ксартофилаксовото лозје[26]. Нажалост, немаме информации за големината на површините засадени под лозови насади, освен во примерот за лозјето Беривоево Хусаревци коешто е со површина од 2 кабли[27]. Доколку ги погледнеме површините насадени со винова лоза во останатите краеви во Македонија и Тракија, може да забележиме дека оваа површина се движи во просекот на површини засадени со винова лоза. Во селото Мамицон, насадите со винова лоза варираат од 0,5 до 8 модии, но во просек тие имаат површина од 1,7 модии[28], додека во Парохијата на манастирот Лавра во темата Солун просекот изнесува 1,6 модии[29]. Иако за Прилепско немаме податоци, сепак, од познатиот Кончански практик може да се види дека лозовите насади секогаш биле придружени и со овошни стебла, па во овој практик се набројуваат стебла на ореви, оскоруши, јаболка, круши, цреши, сливи и црници[30], па голема е веројатноста дека и лозовите насади во Прилепско биле придружени со одредени овошки.

Покрај ниви и лозја, во шест случаи, на имотите се среќаваат овоштарници, а во еден случај се среќава садница, односно новоподигнат овоштарник[31]. Нема информации за големината на парцелите на коишто биле засадени овие овошки ниту за видовите на овошки коишто биле одгледувани.

Слично на овоштарниците, во пет примери на имотите забележани се градини каде што исто така нема информации за видот на зеленчук којшто бил одгледуван во градините. Тие најчесто биле мали по површина и се наоѓаат покрај самите домови[32].

*Сточарство*

Во рамките на агрикултурното производство, спаѓа и сточарството коешто зазема значајно место во поликултурното производство. За сточарството располагаме со многу кратки информации коишто не се директно врзани со одгледувањето на стока. Зачудува фактот што од вкупно над 100 имоти, во грамотите се наведени ѕевгари само на еден од имотите, и тоа како 4 ѕевгари, односно 8 вола. Овие 4 пара на волови се спомнуваат како мерка за површина на земјиштето коешто му се доделува на манастирот Трескавец. Со оглед тоа што само на овој имот површината на земјиштето е пресметана со користење на оваа мерка, за разлика од остана-

22 Споменици IV, гр. II, чл. 51, стр. 176, гр. IV, чл. 5, стр. 176.

23 Бошко Бабиќ, *Материјалната култура на македонските словени во светлината на археолошките истражувања во Прилеп : Прилог за историјата на културата на македонскиот народ* (Прилеп : Институт за истражување на старословенската култура, 1986), 262-263. Во две од јамите, јачменот е застапен во поголема мера од пченицата, а во една се застапени рамномерно. Во целините каде се среќава 'ржта, во две јами е застапена во помала мера од пченицата, а во една се застапени рамномерно.

24 Споменици IV, гр. II, чл. 91, гр. III, чл. 92.

25 Споменици IV, гр. II, чл. 91, гр. III, чл. 5.

26 Споменици IV, III, чл. 5.

27 Споменици IV, гр. I, чл. 6

28 Laiou, „The Agrarian Economy," 330, Table 1.

29 Laiou, „The Agrarian Economy," 342-343, Table 3.

30 Соловјев, „Кончански практик," 97-99.

31 Споменици IV, гр. II, чл. 51.

32 *Лексикон српског средњег века*, 107.

тите коишто се прикажани во кабли, може да се претпостави дека овој имот бил обработуван со помош на 4 пара на волови. Само за споредба, во селото Мамицон во близина на денешен Истанбул, во 1322 година, од вкупно 36 куќи, дури 22 поседувале вол за обработка на почвата, од кои 17 домаќинства поседувале пар на волови, а додека 5 поседувале по еден[33]. Ова може да се оправда со фактот дека ние поседуваме информации, главно, од грамотите каде што не се набројува целиот имот, за разлика од практиците коишто претставуваат попис на целокупното стопанство. Затоа може да се претпостави дека иако во грамотите нема многу податоци за имотноста со добитокот, тој бил важен дел од стопанството, особено на поголемите имотни единици без чија помош не би можеле да бидат култивирани. Друга можност е, како што истакнува А. Лају, дека селаните за своите потреби најмувале добиток од страна на манастирите и големосопствениците за одредена цена[34]. Покрај ова, постојат и други показатели за чувањето и одгледувањето на стока како што се ливадите, сенокосите, пасиштата, планините и зимовиштата кои се подарувани на манастирот или, пак, кои од претходно ги поседувал. Ливади се забележани во склоп на петнаесет имоти[35], пасиште[36] и сенокос во склоп на еден имот[37], планини во склоп на десет имоти[38], додека зимовишта постојат две од коишто првото зимовиште Опремче е издвоено како посебен имот[39], додека второто зимовиште спаѓа во рамките на селиштето Долга Вси[40]. Ливадите, сенокосите и зимовиштата се од посебна важност за сточарството, односно за обезбедување на храна за презимување на стоката во период кога пасиштата и планините се недостапни. Дека овие имоти особено ливадите заедно со сточарството биле од огромна важност за економијата, зборува и фактот што во текот на 11, исто така и во 13 век наводнуваните ливади чинат повеќе од првокласното обработливо земјиште[41].

За значењето на чувањето на стока укажува и имунитетот што манастирот Трескавец го добил во втората, а е проширен со третата грамота и се однесува на собирањето на траварината[42] и жировината (жировница)[43] од манастирските имоти. Овие такси, со оглед на бројот на стока-

33 Laiou, „The Agrarian Economy," 328-329.

34 Laiou, „The Agrarian Economy," 318.

35 Споменици IV, гр. I, чл. 4, 23, 24, гр. II, чл. 4, 35, 36, 37, 39, 43, 47, 59, 79, 90, гр. III, чл. 18, 22, 23, 27, 33, 51, 55, 59, 90, 91.

36 Споменици IV, III, чл. 63.

37 Споменици IV, II, чл. 58. Косењето на сено се врши на сенокоси и ливади, неговата припрема и складирање во зимовиштата била доста важна обврска за едно селско стопанство. Во неа учествувале сите мажи во селото коишто биле способни да работат со коса, освен свештеникот во селото. Оваа работа се одвивала три дена, од кои еден ден бил наменет за косење, а останатите два за собирање, транспорт и складирање на сеното во стогови во близина на зимовиштата. Единствениот сенокос во Трескавечките грамоти е забележан во близина на селото Волче.

38 Споменици IV, I, чл. 11, 13, 14, 21, 22, 24, 36,37, II, чл. 46, 53, 55, 58, III, чл. 29, 12. Според составувачите *Лексикон српског средњег века,* за разлика од летните пасишта коишто се наоѓаат на надморска висина од 750 до 1000 метри, планините се наоѓаат на надморска висина над 1000 метри. Бидејќи во Трескавечките грамоти не се среќаваат поделби на летни пасишта и планини, се чини дека со терминот планини се опфаќаат и летните пасишта. Ова може да се потврди со позицијата на којашто се наоѓаат овие летни пасишта. . Впрочем, имотите во Манастирец, Калуѓерец и Питич во реонот на Поречје се наоѓаат на надморска висина од 600 до 1000м н.в., додека имотите на Бабуна кај Богомила, Крпен во Полог, Дреновци кај Прилеп, Волче во Поречје и Маргарит во близина на Зрзе се наоѓаат во регион на површини коишто се над 1000 м н.в. За Елешинци и Глобочани, со оглед дека на терен не се со сигурност лоцирани, не може да утврдиме на која надморска висина тие се наоѓале.

39 Споменици IV, I, чл. 35.

40 Споменици IV, II, чл. 47.

41 Laiou, „The Agrarian Economy," 327, T. 2A.; Leford, „The Rural Economy," 254, ff. 417.

42 Траварината е такса што се плаќала за користење на манастирските планини. *Лексикон српског средњег века*, 736-737.

43 Жировнина е такса што се плаќала за користење на пасишта во манастирските дабови шуми, односно за исхрана на свињи со желади. Оние коишто плаќале данок на жировина биле ослободени од плаќањето на десетокот за стока за одгледување на свињи. *Лексикон српског средњег века*, 192.

та што била чувана, вообичаено не биле мали, а манастирот имал право од собирањето на овие даноци од своите метоси исклучиво за своја корист. Од повелбата на манастирот Св. Георги Горг во Скопје, може да се види дека таксата за траварина и жировина изнесувала исто како и десетокот за стока[44], додека од повелбата на господин Костадин за црквата Свето Вознесение во Штип се гледа дека доколку за стоката се плаќала траварина и жировина, во тој случај десетокот не бил наплаќан[45]. Уште еден показател за одгледувањето на стока е и топонимот на селиштето Арбанаси, коешто во првата грамота се наоѓа во атарот на селото Дреновци. Арбанасите во Душановиот законик се изедначени со Власите како сточари. Исто така, нив им се забранува со стоката да престојуваат во другите села, па според ова голема е веројатноста селиштето Арбанаси[46] да претставува зимовиште на Арбанасите, коишто и онака немале постојани живеалишта и живееле во катуни[47]. Покрај ова, постоело и селото Крупа во Прилепската Област коешто било метох на манастирот Св. Георги Горг, а било населено со Власи сточари[48] што јасно укажува на значајот од сточарството[49].

Покрај одгледувањето на ситен и крупен добиток, рибата исто така имала значаен удел во исхраната, а особено била застапена на властелинските дворови и на манастирите. Рибарењето иако излегува од рамките на земјоделското производство и сточарство, сепак, делумно може да се прикаже во рамки на поликултурното производство. Доста често на манастирите им биле подарувани ловишта, каков што е случајот со манастирот Трескавец којшто поседувал две ловишта во Преспа[50]. На манастирот му биле признаени правата на ловиштето во село Нивици коешто го добил уште порано од некој византиски цар, а од кралот му било доделено и ново ловиште во селото Наколец. Овие ловишта им се доделени заедно со рибарите коишто ловеле овде, па така со риболовиштето во Нивице, манастирот ги добил и рибарите Амартол и Добре, додека со ловиштето во Наколец, рибарот Сопраст со браќата и роднините. Дека ова не е единствен случај може да видиме и во случајот со манастирот Свети Ѓорѓи Горг кај Скопје, кој покрај бројните риболовишта, го добил и тоа кај селото Дубравица во близина на Таор. Патем, овде го населиле некојси рибар Георги Грк заедно со фамилијата, да лови риби во блатото под Дубравица[51].

Зоо-археолошките истражувања на откриените животински остатоци од подградиeто на средновековен Прилеп, ни даваат дополнителни информации за сточарството и застапеноста на одредени животни. Имено, анализите на овој материјал укажуваат на најголема застапеност на овци (ovis) со 46%, јагниња (ovis inv.) со 10 %, а по нив доаѓаат говедата (bos Taurus) со 22 % и свињи (sus

44 Споменик I, гр. II на крал Милутин, член 57 и 58.

45 Стојан Новаковић, *Законски споменици српских држава средњега века* (Београд : Српска Краљевска Академија, 1912), 767, чл. XIV.

46 Споменици IV, гр. I, чл. 36 и гр. III, чл. 12.

47 Власи биле населени и на имотите на манастирот Св. Георги Горг во Скопје, тој на планината Козјак имал и еден катун Власи, коишто се занимавале со сточарство. Радослав Грујић, „Властелинство Светога Ђорђа код Скопља XI-XV века.“, Во *Гласник Скопског научног друштва* I, 1-2, (1926), 69.

48 Грујић, „Властелинство,“ 69.

49 За значајот и обемот на катуните во средниот век погледни повеќе кај: Јован Ф. Трифуновски, „Географске карактеристике средњевековних влашких катуна“, *Симпозијум о средњовјековном катуну*, одржан 24. и 25. новембра 1961. г. (Сарајево : Научно друштво СР Босне и Херцеговине, 1963), 19-39.; Миленко С. Филиповић, „Структура и организација средњовековних катуна“, *Симпозијум о средњовјековном катуну*, одржан 24. и 25. новембра 1961. г. (Сарајево : Научно друштво СР Босне и Херцеговине, 1963), 45-112.

50 Споменици IV, гр. I, чл. 18, гр. II, чл. 83, гр. III, чл. 34.

51 Грујић, „Властелинство,“ 69. Значајот на риболовот во економијата особено може да се види на имотите во Серската област и по долината на реката Струма, каде што манастирите и властелинството добивало значајни приходи од рентата за риболов и чамци. Поопширно види кај Георги Острогорски, *Серска област после Душанове смрти* (Београд : Научно дело, 1965), 64-66.

| животно | % |
|---|---|
| ovis | 46 % |
| ovis inv. | 10 % |
| bos Taurus | 22 % |
| sus spesies | 6 % |
| equus | <1 % |
| aves | <1 % |
| unio | <1 % |

Табела II. *Процентуална застапеност на животни во средновековен Прилеп врз основа на зоо-археолошкиот материјал од археолошките ископувања на разни микролокации на ареалот Маркови Кули и Варош.*

**Table II.** *Percentage of animals represented in medieval Prilep based on the zoo-archaeological material from the archeological excavations of various micro-locations in the area Markovi Kuli and Varosh.*

spesies) со 6 %. Најмалку се застапени коњи (Eguus), птици (aves) и школки (Unio), со вкупно 1 %[52]. При истражување на локацијата на Свети Атанас во Варош се откриени и лушпи од јајца и коски од риба[53].

За разлика од наративните извори, останатиот движен археолошки материјал не говори за аграрната економија на средновековен Прилеп. Истражувањата вршени на локалитетот Маркови Кули и на неговото подножје на современата локација Варош се нецелосно публикувани, па засега е тешко да се извлечат информации за аграрната економија врз основа на дистрибуцијата и квантитетот на одредени алатки коишто служеле во аграрното стопанство.

*Организација на производството*

Во текот на 14 век, најголемиот дел од населението го претставуваат зависните селани. Ова во голема мера се случува со забрзаното отуѓување на земјиштето на селаните или малите земјопоседници на сметка на големоземјопоседниците и манастирите. Манастирот Трескавец, како еден од најголемите земјопоседници во регионот, на своите метоси, стасови и цели села поседувал луѓе коишто ги добил заедно со имотите[54]. Може да се забележат единаесет случаи од кои во пет тие се врзани за манастирски метоси и тоа Свети Димитрија[55], Свети Теодор[56], Манастирец[57], Лерин[58] и Крпен[59], во еден случај за црквата Свети Никола во Лерин[60], во три случаи се работи за села и тоа Могилица[61], Волче[62] и Дупјачани[63], и во по еден случај за стас Чемерева[64] и риболовиштата во Преспа[65] кај селата Нивице и Наколец. Не ни е познат начинот на којшто било организирано производството, но според информациите коишто постојат за Македонија може да се претпостави дека и во средновековен Прилеп, биле практикувани истите начини за распределба и обработка на почвата. Селаните поседувале одредена земја за којашто плаќале данок на сопственикот на чиј имот се наоѓала таа почва. Сопственикот, покрај данокот немал право на дополнителни права од производството на селаните. Сепак, поголемиот дел

52 Бабиќ, *Материјалната култура,* 263.

53 Ibid.

54 На бившите византиски територии за означување на категоријата на селани коишто се врзани за одреден властелински или манастирски посед и најчесто не поседуваат свое земјиште се употребува терминот *парици*, додека на територија на српската држава оваа категорија на селани којашто била најбројна е нарекувана *меропси*. Во Трескавечките грамоти тие, едноставно, се нарекувани *луѓе*.

55 Споменици IV, гр. I, чл. 5, гр. II, чл. 5, гр. III, чл. 19.

56 Споменици IV, гр. I, чл. 6, гр. II, чл. 6, гр. II, чл. 91 гр. III, чл. 3.

57 Споменици IV, гр. I, чл. 10, гр. II, чл. 54, гр. III, чл. 29.

58 Споменици IV, гр. I, чл. 16, гр. II, чл. 60, гр. III, чл. 36.

59 Споменици IV, гр. I, чл. 21, гр. II, чл. 59, гр. III, чл. 33.

60 Споменици IV, гр. I, чл. 32, гр. II, чл. 77, гр. III, чл. 53.

61 Споменици IV, гр. I, чл. 11, гр. II, чл. 56, гр. III, чл. 30.

62 Споменици IV, гр. I, чл. 14, гр. II, чл. 58, гр. III, чл. 32.

63 Споменици IV, гр. I, чл. 17, гр. II, чл. 2, гр. III, чл. 7, 9.

64 Споменици IV, гр. II, чл. 35, гр. III, чл. 90.

65 Споменици IV, гр. I, чл. 18, гр. II, чл. 83, гр. III, чл. 34.

од обработливото земјиште на еден имот бил во рацете на големосопствениците, за разлика од селаните коишто биле сопственици на значително помал дел. Значителен дел од земјиштето на големосопствениците бил обработуван со ангарија, односно бесплатна работа со којашто селаните биле задолжени да работат на поседите на сопствениците, односно на имотите на владетелот, властелините или манастирите. Големоземојопоседниците, најквалитетната и најплодна земја ја чувале за себе и таа била земјата којашто ја обработувале со ангарија, притоа од нејзе тие добивале најголем профит. За ангаријата или бесплатната работа на имотите на манастирот Трескавец од каде црпиме информации, немаме податоци, но според претходно посочените практици од Македонија може да се забележи голема разлика од начинот на кој била распределувана ангаријата на разни имоти и во разни региони каде што селаните извршуваат ангарија по 12, 24 или 52 дена во годината[66]. Најблизок пример овде ни е манастирот Свети Никола кај с. Кожле, Скопско каде во даровницата со која Стефан Душан го подарил манастирот на серскиот митрополитот Јаков, стриктно е наведено дека секое домаќинство е задолжено со два дена бесплатна работа (ангарија) неделно на манастирските имоти[67]. Ова е озаконето и во Душановиот законик каде покрај два дена бесплатна работа неделно, наведено е и еден ден косење во годината, како и еден ден работа на лозјата, а доколку пронијарот, односно сопственикот нема лозје, тогаш е должен да работи еден ден некоја друга работа[68]. Но, по сè изгледа дека оваа одредба не била почитувана само на имотите на пронијарите туку и на останатите имоти. Ваквата одредба го покачува бројот на денови во кои селаните вршеле ангарија на 106 дена. Покрај со ангарија, имотите на големопоседниците биле обработувани и со помош на наемни работници. Остатокот од земјата којшто не биле во можност да го обработат на претходните два начина, бил даван под наем, повторно на истите или на други селани за што плаќале рента или, пак, тој остаток бил регулиран со делба на годишното производство[69], и најчесто две третини отпаѓале на сопственикот и една третина на наемникот на земјиштето.

Две кратки информации нè известуваат дека постоеле организирани складишта за чување на зрнеста храна каде, најверојатно, биле чувани залихите на жито[70]. Овие житници се наоѓале во рамките на градските ѕидини или на просторот на подградието. Првата житница се споменува во кула во која се складирало прилепското жито, вино и богатство[71], додека другата е двор со куќи и житница[72]. Во рамките на подградието, односно на просторот помеѓу црквата Свети Димитрија и Свети Атанас се откриени поголем број на куќи со дворишта, исполнети со јами каде што биле чувани житарици, каков што е случајот со локалитетот 35 каде се откриени повеќе од 100 јами со различни намени, но најголемиот

66 Laiou, „The Agrarian Economy," 334-335.

67 Новаковиħ, *Законски споменици*, 701-705, чл. XIV. А. Лајо го става овој извадок во корелација со Прилеп, сепак, овде станува збор за село од околината на Скопје коешто нема никаква врска со економијата на Прилеп. Laiou, „The Agrarian Economy," 335.

68 *Законик Стефана Душана : Цара Српског (1349 и 1354)*, превод и објаснувања Стојан Новаковић (Београд : У Државној штампарији, 1870), чл. 47, стр. 14.

69 *Sharecropping* кога селаните од големите земјопоседници добивале одредено земјиште со обврска тие да го обработуваат без да плаќаат рента за него, но производите после крајот на сезоната биле делени помеѓу сопственикот на земјиштето и тој што го добил на користење.

70 Житници, житни јами, силоси служат за чување на житарици во текот на целата година. Житниците можат да бидат подземни или надземни. Подземните житници најчесто претставуваат специјално подготвени јами во коишто житото може да остане суво и заштитено од штетници како што се глувците. Надземните силоси најчесто претставуваат делови од кули што се припремени за чување на жито. *Лексикон српског средњег века,* 194-195.

71 Споменици IV, гр. III, чл. 100. Кулата се споменува само во третата грамота, додека во првите две не се споменува.

72 Споменици IV, гр. II, чл. 7, гр. III, чл. 64.

дел од нив користени за складирање на житарици[73]. Ваквите складишта често биле помагани и од страна на владетелот.

Период е одбележан и со сè поголемото мигрирање на селаните од имотите на помалите земјопоседници кон имотите на големите земјопоседници, а пред сè на манастирските имоти, притоа отстапувајќи ги своите имоти на заштитниците. Не ретко, селаните во потрага по подобар живот мигрирале од имотите на дел од властелините кон манастирите бидејќи овие имоти често поседувале разни имунитети спрема владетелот, па така положбата на селаните овде била многу олеснета[74]. Во Душановиот законик е направен обид да се спречат овие миграции и да се задржат селаните на имотите на коишто се наоѓале. Манастирот Трескавец добил имунитет на сите мали и големи работи така што селаните коишто живееле на манастирските имоти биле ослободени од плаќање на „позова и писа и приселице, од псара и геракара и провода и поноса, од поклисара и од поданика“[75], што било големо олеснување.

Сепак, овие податоци се доста кратки за да можеме да дадеме појасна слика за целокупната организација на производството. Покрај на овие имоти коишто се во сопственост на црквата, може да претпоставиме дека селани живееле и работеле и на останатите имоти коишто биле во сопственост на световните големоземјопоседници, но, сепак, најверојатно дел од имотите биле во сопственост и обработувани од слободните селани. Освен за риболовиштата каде што е назначено дека станува збор за риболовци и нивните фамилии, за останатите селани не знаеме со какви работи биле задолжени на имотите, но според имотот со којшто располагале може да се заклучи дека тие биле задолжени за извршување на земјоделски и полјоделски работи, одгледување на овошки, бавчи, извршување на разни работи поврзани со останатото агрикултурно производство односно, работа во водениците, косење на пасиштата и одгледување на стока, а во случајот со метохот Манастирец каде се споменати рудници[76], овие селани најверојатно биле вклучени и во експлоатацијата, а можеби и во останатите процеси на обработка на рудата.

**Занаетчиство**

Покрај аграрното производство, како примарна економска гранка во овој период, занаетчиството, како секундарна гранка, претставува значаен сегмент од економијата на средновековниот Прилеп. Немирниот период од крајот на 12 и првата половина на 13 век се одразил и врз занаетчиското производство. Крахот на патната мрежа и врските на внатрешноста со приморските центри условила големи промени во производството и дистрибуцијата на занаетчиските производи, особено на грнчаријата како значаен сегмент од инвентарот на секое домаќинство. Според наративните и топономастичките извори познати се над 50 различни занаети, а некои од

73 Според Б. Бабиќ, кај црквата Свети Атанас, на локалитетот 35, на површина од околу 1000 $м^2$ се откриени неколку стотини јами со разни големини и намени. Најголемиот дел од јамите служел за складирање на зрнеста храна. Житните јами се во основа кружни, а во вертикален пресек бочвасти, крушковидни или овоидни. Бошко Бабић, „Покушај утврђивања места и граница панагиришта Прилепа друге четвртине XIV века“, *Старинар,* н.с. кг. XX-1969 (1970): 7-8, ff. 21.; Бабиќ, *Материјалната култура,* 134-182.

74 Срђан Шкарић, *Средњовековно српско право* (Нови Сад : Матица Српска, 1995), 32-34.

75 Споменик IV, гр. III, чл. 98. Имотите на манастирот Трескавец биле ослободени од разни давачки коишто влучувале давање на зоб за коњите на владетелот, давање на храна за владетелот, давање на оброци за луѓето коишто се грижеле за кучињата и соколите на владетелот, за транспорт на неговите ствари на свои коњи или друга стока од местото каде се наоѓал до неговата одредница, од обврската да ги снабдуваат со храна и сите останати работи што им се потребни на пат на поклисарите (пратеник, дипломатски посредник или преговарач) казните од извршени кривични дела, како и наплаќање на парична казна во своја корист за починување на понос или тешко кривично дело.

76 Споменици IV, гр. III, чл. 29.

нив вклучуваат диференцијација на разни работи во склоп на определениот занает. Меѓу најчестите занаети спаѓаат ковачи[77], златари, мајстори за изработка на обувки / шустери, кожари, кројачи, ткајачи[78], терзии, абаџии, бојаџии, штавачи, седлари, налбати, колари, јажари, уздари, воденичари[79], каменоресци, грнчари, бочвари, дрводелци, столари, бравари, свеќари/воскари[80], месари, пекари, а посебно се издвојуваат мајсторите за производство на оружје, стрелари, штитари, оклопари (брњари)[81], мечари, итн. итн.[82].

За разлика од аграрот каде што првенствен извор за оваа економска гранка ни се пишаните извори, за занаетчиството во доцносредновековен Прилеп, главно, ни зборуваат археолошките откритија. Според недвижните археолошки остатоци и движните наоди можат да се препознаат неколку специјализирани занаетчиски работилници во Прилеп, организирани на простор, убициран како панагириште[83]. Овој простор ги нудел основните предуслови за еден занаетчиски кварт, пред сѐ, се наоѓал надвор од тврдината[84], подалеку од објектите за живеење[85], на посебна тераса каде што имало достап до вода[86], што е особено важен сегмент во производниот процес за разните занаети, притоа занаетчиските работилници овде имале поголем слободен простор и дворишта за складирање на суровини, а воедно биле блиску покрај патната комуникација којашто поминувала над панагириштето, а покрај црквата Свети Атанас[87]. Ваквата организираност на занаетчиите на определен простор овозможувала полесна контрола на продажбата на производите, односно почитување на забраната за продажба на одредени производи надвор од пазариштата, со што се намалувал приходот на оние коишто ги

77 Александра Фостиков, „Ковачки занат на тлу средњовековне Србије“, *Београдски историски гласник* III (2012): 105-126.

78 Не им е дозволено своите производи да ги изложуваат за продавање во своите работилници, туку истите мораат да ги однесат и изложат на пазариштето во пазарните денови. *Ordinances of Leo VI c. 895 from the Book of the Eparch,* Introduction and English translation by E. H, Freshfield (Cambridge: 1938), 29, chapter IX, § 7.

79 Воденичарите биле задолжени и да сечат камења за манастирските воденици. *Лексикон српског средњег века,* 214.

80 На производителите на свеќи им било забрането да работат на јавните улици или пазаришта, тие производството морале да го обавуваат во своите простории или на места специјално резервирани за оваа намена. *Book of the Eparch,* 32, chapter XI, § 1.

81 Ordanče Petrov, Ružica Manojlović and Jarmila Trpčevska, „Mail from Treskavec: Contribution to the Study of Medieval Mail Armour“, *Folia Archaeologica Balkanica* III (2015): 580-581.

82 *Лексикон српског средњег века*, 214-217.

83 Бабић, „Покушај утврђивања,“ 5-7, ff. 12.; Бабиќ, *Материјалната култура,* 240-243. Панагириштето го убицира на поширок простор од Еврејскиот Дол до урвиштето на Света Варавара. Овој простор се наоѓа од црквата Свети Димитрија кон црквата Свети Атанасиј, на едно поголемо и прилично рамно плато, со неправилна основа, со должина од околу 300 метри.

84 Во Душановиот законик е точно назначено дека нивните работилници не смеат да се наоѓаат надвор од градските пазаришта. *Законик Стефана Душана,* чл. 143, стр. 45. Истото е назначено и во Книгата на епархот, каде што е наведено дека златарите не смеат да работат дома, туку тие мора да работат во работилница на главната улица. *Book of the Eparch,* 12, chapter 2, § 12.

85 Во книгата на епархот е наведено дека пекарите не смеат да имаат печки под своите куќи за живеење, заради запалниот материјал којшто го користат. Покрај тоа, ниту приватните лица не смеат да чуваат ситни дрва во просториите, освен на отворено и во објект граден од големи блокови, за да се намали опасноста од запалниот карактер на овие материјали. *Book of the Eparch,* 42, chapter XVIII, § 3. Иако за останатите професии нема вакви одредби, може да се претпостави дека ова важело и за останатите занаети коишто во производниот процес користеле печки коишто можеле да го зголемат ризикот од пожар во населбите, како што се ковачите и грнчарите, како и сите останати професии коишто иако се специјализирани за производство на одредени продукти, сепак, во основа се ковачи.

86 За ова сведочат откриените бунари на просторот на Поткули. Види кај Милоје Мандиќ, „Поткули : Средновековна населба и некропола“, *Arheološki Pregled* 26, 1985 (1986): 180-181.

87 Занаетчиските работилници често биле причина за пожари, затоа тие се одвојуваат од резиденцијалниот простор. Понатаму, тие стварале голема бука, а од преработката на разни суровини се шреле и разни миризби. Сето ова било причина, занаетчиските работилници да бидат организирани во посебни квартови, во чиишто рамки понекогаш се делеле и во еснафски групации.

имале правата за пазарот, и панаѓурот. Во првата грамота на манастирот Трескавец му е дарувана црквата Свети Димитрија, која покрај останатите права ги поседувала и правата од панагирот[88] којшто се одржувал на Димитровден[89]. Потоа, во третата грамота манастирот добил ново право кое се однесува на дел од добивката, односно на 100 перпери годишно од прилепскиот пазар[90], како и третина од виното[91]. Секако дека со ваква организираност на занаетчиите на определен простор, манастирот полесно вршел контрола и ги собирал приходите коишто му следувале од правата на панагирот и пазариштето.

Во овој период, продукцијата на керамика станува помасовна при што нејзино производство е потврдено и во некои села. Според Лефорт може да се дефинираат неколку специјализирани, но и фамилијарни работилници за керамика во селата во Источна Македонија, како што е случајот со селото Радобил, во околината на Сер, каде што во изворите се среќава постоење на седум работилници за керамика[92]. Продукција на керамика е потврдена и при ископувањето на Маркови Кули, на просторот на подградието околу црквата Свети Атанас, каде е откриена грнчарска работилница во чии рамки има дел за припрема на глината, како и печка во која се откриени триподи кои служат во процесот на печење на керамиката[93]. Овие триподи се особено важни алатки во производниот процес коишто го олеснуваат полнењето и празнењето на керамичарските печки. Дури и како самостојни наоди, овие алатки скоро со сигурност укажуваат на постоење на продукција на грнчарија во Византија и тоа добро датирана по 1200-тата година[94].

Покрај грнчарството, потврдена е и локална продукција на други занаетчиски производи. За ова наоѓаме поткрепа во грамотите на манастирот Трескавец каде што се споменува дворот на Ковачот, што недвосмислено укажува на постоење на ковачка работилница во рамките на населбата[95]. При археолошките истражувања на просторот на Варош, изведени во минатото, на неколку пунктови се откриени низа на работилници за преработка на железо, стакло, обоени метали, коска и др. При археолошките ископувања во близина на црквата Свети Атанасиј е откриена печка за топење на руда, придружена со дополнителни структури коишто најверојатно биле користени во фазата за подготовка на рудата пред топење, односно кади за перење, простор за пржење, како и простор за дробење на рудата, што е неопходно пред процесот на топење во печка. На овој простор се откриени бројни наоди на згура – нус производ од вакви дејности. Околниот простор бил заситен со обоени метали за што е сведок слојот на почвата со изразито зеленикава боја, којашто со хемиски анализи покажува висока заситеност со метали, што само по себе укажува на одредена металуршка активност на просторот[96]. Металургијата на обоените метали

88 Но, не е наведено дали сите приходи од овој панагир останувaат на манастирот или дел од нив се резервирани за владетелот. Хтетовскиот манастир ги имал целосно правата од Хтетовскиот панаѓур, притоа, целосно била исклучена власта, владетелот и неговите роднини. За разлика од ова на Скопскиот панаѓур владетелот имал привилегии, а притоа глобата од панаѓурот и половина од враждата (казна за напад со оружје, која за време на панаѓур се сметала како убиство или повреда на човек) припаѓала на манастирот, додека другата половина на владетелот. *Лексикон срйскоī средњеī века*, 489.

89 Споменик IV, гр. I, чл. 25, гр. II, чл. 44, гр. III, чл. 4.

90 Споменик IV, гр. III, чл. 96.

91 Споменик IV, гр. III, чл. 97.

92 Lefort, „The Rural Economy," 308-309.; Véronique François and Jean-Michel Spieser,. „Pottery and Glass in Byzantium", in *The Economic History of Byzantium*, ed. Angeliki E. Laiou (Washington D.C. : Dumbarton Oaks Research Library and Collection, 2002), 605, ff. 80.; *Byzantine Glazed Ceramics*, ed. Demetra Papanikola-Bakirtzi (Athens : The Archaeological Receipts Fund, 1999), 222-223.

93 Бабиќ, *Майеријалнайа кулйура*, 257-261, сл. 43.

94 Véronique and Spieser, „Pottery and Glass," 606.

95 Споменик IV, гр. II, чл. 14, гр. III чл. 70.

96 Бабиќ, *Майеријалнайа кулйура*, 243-252. Бабић, „Покушај утврђивања места," 5-7, ff. 12.

е запазена на просторот југоисточно од црквата Свети Димитриј. Овде, според Б. Бабиќ, е откриена печка за топење на обоени метали, со делумно сочувана купола. Во внатрешноста на самата печка се откриени три керамички калапи за одлевање на прачки, како полуфабрикати спремни за понатамошна обработка[97]. Истражувачот смета дека оваа печка би можела да биде користена и во преработката на производи од стакло, односно стаклена паста, а како дел од некоја јувелирска работилница[98]. На просторот југозападно од црквата Свети Атанас е откриен уште еден објект за којшто истражувачите сметаат дека се работи за работилница за фина обработка на железни предмети. Ваквата претпоставка ја темелат на фактот што во просторијата биле откриени две точила, како и голем број на фрагменти од железни предмети[99].

За поголемиот број од занаетите, не може со сигурност да се препознаат нивните работни простории. Наодите на ножеви, длета, струшки, игли, шила, макази, чекани, клешки итн. итн. укажуваат на постоење на занаетчии за обработка на кожа, дрво, ткаенини, како и за месари, пекари, налбати, но со оглед на тоа што во нивните работилници нема специфични недвижни објекти, а истите можат да се препознаат само преку алатите коишто ги користат, а не често еден ист алат се користи во рамките на повеќе занаети, засега на терен не можат да се лоцираат работилниците на овие видови на занаетчии. На неколку локации во карпите на Маркови Кули се документирани негативи од мелнички камења, што укажува на постоење и на каменоресци, доколку самите воденичари не го извршувале овој дел од работата сами.

Покрај занаетите коишто се одвивале во организирани работилници, постоеле и домашни занаети како што е ткаењето и предењето коишто се одвивале во домашни услови како дел од домашното стопанство. За ова сведочат бројните прешлени за предење на разни типови на предива, напрстоците, како и теговите за вертикални разбои. Прешлените најчесто изработувани од фрагментирана керамика, но и наменски изработени од глина, како и од разни видови на камен, откриени во разни слоеви во подградието Варош[100], но и во рамки на тврдината[101], јасно укажуваат дека предењето и ткаењето биле дел од скоро секое домаќинство.

Најверојатно, со оглед на обемот на работа на одредени занаети, дел од занаетчиите биле способни да извршуваат повеќе процеси, својствени од делокругот на работа на повеќе занаетчии.

*   *
*

Како што може да се види од погореизнесеното, расположливите информации за економијата на средновековен Прилеп не отстапуваат многу од истовремените постоечки информации за регионот на Источна Македонија каде, засега, имаме најмногу информации за реконструкција на економијата. Во средновековниот Прилеп примарен сегмент е аграрот каде е застапено поликултурното производство, но, иако во помала мера, сепак, е застапено и занаетчиството кое најверојатно успевало да ги задоволи потребите за стопанисување, т.е. земјоделски и друг вид на алатки, грнчарија и накит.

Дипломатската граѓа ни е најподатлив из-

97 Бабиќ, *Материјалната култура,* 252-257, црт. 39-40. Мандиќ, „Поткули," 180-181.

98 Бабиќ, *Материјалната култура,* 252-257.

99 Бабиќ, *Материјалната култура*, 251.

100 Бабиќ, *Материјалната култура*, 269-272.

101 Атанасоски Бранислав. *Средновековната тврдина Маркови Кули (Културна стратиграфија и градежни фази на одбранбените ѕидови)*. *Balcanoslavica* 30-31 (2002): 227-299.

вор за аграрната економија на доцно-средновековен Прилеп. Најголем дел од земјиштето биле ниви, најверојатно наменети за одгледување на житарици за што сведочи и прилично големата бројност на воденици, вкупно 34 на број. На имотите доста често имало и лозови насади, а нешто поретко се споменуваат овоштарниците и градините. Сточарството може да се прати индиректно. Едниот од имотите наместо во кабли е изразен во ѕевгари, односно во површина којашто може да биде обработена од четири пара на волови. Останатите податоци се однесуваат на имотите коишто претставуваат ливади, сенокоси, планини и зимовишта, но  и на влашко и арбанашко присуство, што укажува на тоа дека стоката и сточарството не треба да се занемари. За организацијата на производството немаме доволно информации, а него можеме да го реконструираме, главно, преку сознанијата за Источна Македонија, односно преку практиците сочувани на Света Гора коишто изобилуваат со ваков тип на податоци или известувања.

Занаетчиството во овој период има секундарна улога во економијата, но, сепак, е тесно поврзано со агрикултурното производство коешто го снабдува со потребниот неопходен алат. За занаетчиите наративните извори молчат, единствено во случајот каде се споменува дворот на ковачот. За останатите информации главен извор ни е археологијата. Од извршените ископувања, во втората половина на 20 век, може да заклучиме дека во подградието на средновековен Прилеп се наоѓал организиран занаетчиски кварт на просторот којшто е убициран како панагириште. На овој простор се откриени работилници за топење на железо, обоени метали, стакло, работилница за керамика, како и разни други работилници за доработка на полуфабрикати. Како дел од домашното стопанство, женските членови во скоро секое домаќинствоპределе и ткаеле, изработувајќи платна од растително и животинско потекло. Голем дел од занаетите не можат со сигурност да се утврдат, а каталогот на наоди покажува дека постојат уште голем дел на занаети коишто не оставиле длабоки траги за нивно посигурно утврдување.

Понатамошната анализа на целокупниот движен археолошки материјал, дистрибуцијата и квантитетот на наодите на алати можат да ни откријат поголем број подробности за застапеноста на одредени земјоделски и занаетчиски активности на просторот на средновековен Прилеп, во периодот на доцнотосредновековие.

## SUMMARY

# CONTRIBUTION ON THE ECONOMY OF LATE-MEDIEVAL PRILEP THROUGH THE FINDINGS FROM THE DOCUMENTARY-DIPLOMATIC MATERIALS AND THE ARCHAEOLOGICAL FINDINGS.

Ordanče PETROV

As can be seen from the above, the available information on the economy of medieval Prilep does not deviate much from the simultaneously existing information on the region of Eastern Macedonia where, for now, we have the most information on the reconstruction of the economy. In medieval Prilep, the primary segment is agriculture, where polycultural production is represented, but, although to a lesser extent, crafts are still present, which probably managed to meet the needs of the population, ie. agricultural and other tools, pottery and jewelry.

Diplomatic material is our most accessible source for the agrarian economy of late-medieval Prilep. Most of the land was fields, probably intended for growing cereals, as evident by the rather large number of mills, a total of 34. There were often vineyards on the properties, whereas orchards and gardens are mentioned less frequently. Livestock can be traced indirectly. One of the properties instead of *kabli* is expressed in *zeugarion* (ox-gang), i.e. in an area that can be processed by four pairs of oxen. The rest of the data refer to the properties that are meadows, hayfields, mountains and winter pastures, but also to the Vlach and Arbanas presence, which indicates that cattle and livestock should not be neglected. We do not have enough information about the organization of production, and we can reconstruct it, mainly through the knowledge on Eastern Macedonia, i.e. through the *praktikon* preserved on Mount Athos that abound in this type of data.

Crafts in this period have a secondary role in the economy, but, nevertheless, they are closely related to the agricultural production, which they supply with the necessary tools. For the craftsmen, the narrative sources contain little data, only in the case where the blacksmith‘s yard is mentioned. For other information, our main source is archeology. From the excavations, in the second half of the 20th century, we can conclude that in the suburbs of medieval Prilep there was an organized craft district in the area which was called fairground. Workshops for smelting iron, non-ferrous metals, glass, ceramics, as well as various other workshops for finishing semi-finished products have been discovered. As part of the households, female members in almost every household spun and weaved, making canvases of plant and animal origin. Many of the trades can not be identified with certainty, and the catalog of findings shows that there are still many trades that have not left deep traces for a more reliable identification.

Further analysis of the small finds, distribution and the quantity of tools found reveals a number of details about the representation of certain agricultural and handicraft activities in the area of medieval Prilep, in the late medieval period.

**Key words:** *economy, agriculture, handicrafts, Prilep, Middle Ages, Treskavec Monastery.*